**Место за растење:**
**Општини посветени на децата**

# ЛОКАЛНИ КОНФЕРЕНЦИИ ВО ОПШТИНИТЕ ВЕЛЕС, ВИНИЦА, ДЕБАР, ГОСТИВАР И КИСЕЛА ВОДА

Во период од 16.05.2024 – 30.05.2024 во Велес, Гостивар, Дебар, Виница и Кисела Вода се одржаа локални конференции наменети за претставниците на локалната заедница, воспитно - образовните кадри, претставници од институции, НВО, младински организации, ученици, деца/млади во овие општини – поддржувачи на проектот: Место за растење – Општини посветени на децата.

Во текот на конференциите, учесниците се осврнаа на моменталните предизвици во своите општини, дискутираа за детските права и детското учество, како и разменија искуство и позитивни практики со општините – гости на локалните конференции. Крајот од секоја конференција беше заокружен од децата/младите учесници кои преку своите изработки прикажаа во каква општина сакаат да живеат и творат.

Овие конференции опфатија 246 претставници на локалната власт и воспитно – образовниот кадар, деца и млади како и други претставници во рамки на општините – поддржувачи на проектот.

Одржувањето на локални конференции има значајна улога во креирање средини посветени на децата и воспоставување услови за дискусија и размена на мислења во заедницата, со цел унапредување на детските права.













Место за растење: Општини посветени на децата

## ЛОКАЛНИ ПАНЕЛИ ВО ОПШТИНИТЕ ВЕЛЕС, ВИНИЦА, ДЕБАР, ГОСТИВАР И КИСЕЛА ВОДА





Во период од 16.05 – 30.05.2024 година се одржаа и локалните панели во кои активно учество земаа претставници од локалната самоуправа и воспитно - образовните институции, граѓански организации, Совет на родители во училиштата, младински организации и други чинители во рамки на општините.

Панелите ќе бидат посебно координативно тело во рамки на општините. Истите имаат за цел да обезбедат структурирана и фокусирана работа поврзана со правата на децата и донесување локални стратешки планови за општините Виница, Велес, Гостивар, Дебар и Кисела Вода со цел унапредување на правата на децата и нивно вклучување во локалното планирање.

Локалните панели од сите пет општини го сочинуваат 83 членови, со претставници од локалната самоуправа и воспитно - образовниот кадар во Велес, Виница, Дебар, Кисела Вода и Гостивар.







Проектот е финансиран од Европската Унија